АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

# СТРАТЕГИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ за период 2022-2024 година

Акциски План за имплементирање на Стратегијата

**Скопје, Ноември 2021 година**

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Имајќи ги предвид заклучоците, основните цели и принципи за работа на Владата на Република Северна Македонија за зајакната борба против корупцијата и сивата економија, развој на демократијата и обезбедување на политичка стабилност на земјата и нејзина интеграција во ЕУ;

Поаѓајќи од основните постулати на Владата кои подразбираат почитување на Уставот и законите и функционирање на правото подеднакво за сите;

Имајќи ги предвид политиките и реформските активности за подинамичен економски и општествен развој, особено политиките поврзани со јакнењето на институционалните капацитети на државата на сите нивоа, а пред се во сферата на борбата против организираниот криминал и нулта толеранција на корупцијата;

Во согласност со визијата, мисијата и независната регулаторна позиција на Агенцијата за пошти, како и од неопходноста од перманентна борба со корупцијата, Агенцијата за пошти **ја донесе** Стратегијата за спречување на корупцијата и судир на интереси за периодот од 2022 до 2024 година.

*Успешната антикорупциска политика е дел и од процесот на евроинтеграции, а Стратегијата е темел за унапредување на законската рамка и преземање на реформски активности.*

Стратегијата е заснована на реални процеси и цели кои треба да резултираат и придонесат за континуирано намалување на корупцијата во државата.



# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 3

РИЗИЦИ И КОРУПТИВНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ПОШТЕНСКИОТ СЕКТОР ..... 5

ЦЕЛ НА СТРАТЕГИЈАТА ..... 6

1. Законит и транспарентен начин на работа кој вклучува почитување на етичките норми, одговорност, економичност и ефикасност во работењето ..... 8

2. Елиминирање на политичкото влијание во работата, во спроведувањето на надлежностите и во постапките регулирани со закон ..... 9

3. Подобрување на ефикасноста на системот за управување со човечки ресурси преку обезбедување на интегритет и транспарентност на политиките на човечки ресурси базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет ..... 10

4. Спречување на судир на интереси и недозволени влијанија при јавните набавки и вработувањата ..... 12

5. Зајакнување на механизмите и капацитетите за надзор и контрола ..... 16

6. Зајакнење на механизмите за меѓуинституционалната соработка ..... 16

7. Јакнење на механизмите за Собраниска контрола и следење на работењето во Агенцијата ..... 17

☑ Обврски за имплементација на Стратегијата ..... 18

# ВОВЕД

Еден од стратешките приоритети во надлежноста на Агенцијата за пошти е да го уреди општествено економскиот амбиент во кој, преку давателите на поштенските услуги се реализира домашниот и меѓународниот поштенски сообраќај, согласно позитивната правна регулатива и директивите на ЕУ за развој на конкуренцијата на слободниот поштенски пазар. Тоа е основниот предуслов за воспоставување на природна рамнотежа на пазарот на поштенските услуги за пратките за коресподенција во Република Северна Македонија, преку долго очекуваната либерализација, за да се подобри квалитетот и можноста за избор од лепезата на поштенските услуги и даватели, а со тоа и довербата на граѓаните/корисниците во поштенската комуникација. Овој приоритет е основната претпоставка за важење и владеење на правото и слободата на пазарот и предприемништвото, подеднакво за сите, како за давателите, така и за корисниците на поштенските услуги.

Спроведувањето на Стратегијата треба да придонесе да се намали нивото на корупција, да се подобри интегритетот, транспарентноста и отчетноста во сите сектори на општеството, вклучително и поштенскиот, а со тоа да се обезбеди јавноста да има повисока доверба во работата на поштенскиот сектор.

Агенцијата за пошти, исто така вложи многу напори за спречување на корупцијата и градење интегритет. Постигнат е голем напредок во јавните набавки, каде што усвојувањето на новите законски акти придонесе за подобрен систем на јавни набавки со добро дефинирани процедури.

Стратегијата се очекува да генерира нови механизми, практики, капацитети и вештини во Агенцијата за имплементација на антикорупциските закони, етичкиот кодекс, релевантните политики и процедури кои овозможуваат заштита на институционалниот и интегритетот на вработените во поштенскиот сектор, генерално.

Основниот принцип на Агенцијата за пошти **е јакнење на интегритетот преку нулта толеранција** на кое било коруптивно однесување.

***Во Стратегијата поимите кои се употребуваат го имаат следното значење:***

**Корупција** - „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг“.

- пасивна корупција – намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски, и
- активна корупција - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврскиили да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Судир на интереси** - состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Ризик од корупција** - било кој вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Интегритет** - законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата. Тие ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата од настанување и развој на корупција, и со тоа

обезбедуваат доверба кај граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

**Непотизам** - е „влијание на семејните и роднинските врски при донесување на одлуки за вработување и склучување на јавни (управни) договори (најчесто во постапките за јавни набавки и издавање на дозволи)".

**Клиентелизам** – е давање привилегии или придобивки на клиентот во замена за услуги, придобивки или во политички контекст, гласови.

**Кронизам** - најчесто опфаќа ситуации во кои се претпочитаат пријатели или соработници, без оглед на тоа колку се соодветни. Најголема веројатност за појава на кронизам има во контекст на именувања, но може да се појави и во која било инстанца кога се практикуваат дискреционите права.

**Финансиска корист** или интерес се подразбира секоја добивка без разлика за кого е наменета, нејзината висина или форма. За корист или интерес се смета секоја нефинансиска добивка, без разлика на нејзиниот вид, форма или содржина.

**Индиректна инволвираност во корупција** се подразбираат случаите во кои користа или интересот се ветени, понудени, побарани, дадени, прифатени или очекувани преку посредник – трето лице.

## РИЗИЦИ И КОРУПТИВНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ПОШТЕНСКИОТ СЕКТОР

Како ризици и коруптивни дејствија кои можат да влијаат врз поттикнувањето на коруптивното однесување во поштенскиот сектор, Агенцијата за пошти ги детектира следните:

- Секоја услуга надвор од стандардната процедура и врз основа на закон утврдени рокови, направено со цел да се обезбеди каква било корист или интерес за себе или за друго лице;

- Преземање дејствија пропишани со закон или произлегуваат од закон, а со цел да обезбедат каква било корист, интерес или привилегирана позиција за себе или за друг;
- Преземање дејствија кои не се пропишани со закон или не произлегуваат од закон, со цел да се обезбеди каква било корист или интерес за себе или за друго лице;
- Не преземање на дејствија во рок утврден со закон или што произлегува од закон, за кои постои законска обврска да се преземат, а со цел да се обезбеди каква било корист за себе или за друго лице. Во оваа насока треба да се елиминира секоја форма на молчење на администрацијата.

Агенцијата има обврска годишно да прави проекција на ризиците кои можат да го поттикнат коруптивното однесување и да изготви план со конкретни механизми за дејствување и предлог мерки и активности за минимизирање, односно сузбивање на детектираните ризици.

Врз основа на проценетите ризици од коруптивни дејствија, Агенцијата ќе изготвува годишен Акциски план за имплементирање на Стратегијата за спречување на корупција и судирот на интереси во кој ќе бидат содржани мерките, активностите и механизмите кои ќе се применуваат за елиминирање на детектираните ризици од коруптивни дејствија кои можат да влијаат на нарушување на интегритетот на давателите на поштенски услуги и на Агенцијата, како и на поттикнување на корупцијата во поштенскиот сектор.

## ЦЕЛ НА СТРАТЕГИЈАТА

Целта на стратегијата за периодот 2022-2024 година е зајакнување на културата на интегритет на вработените во Агенцијата и во поштенскиот сектор, и борба против корупцијата преку визијата за јакнење на транспарентноста и изградба на стабилен, одржлив и отпорен поштенски сектор.

Стратегијата има за цел до 2024 година:

➔јакнење на интегритетот на Агенцијата и градење на отпорност на вработените во поштенскиот сектор со „нулта ниво на толеранција кон корупцијата“;

➔јакнење на транспарентност во работењето не само на Агенцијата туку и на давателите на поштенските услуги во поштенскиот сектор;

➔да воспостави поле на проактивна политика во борбата против сите форми и облици на коруптивно однесување вклучително и сивата економија во поштенскиот сектор кои можат да го поткопаат интегритетот на Агенцијата;

➔да воспостави систем на мерки што ќе ги сведат можностите за коруптивно однесување на ниво кое може перманентно да се следи, контролира и санкционира од сите надлежни институции.




Имплементацијата на целите подразбира системски пристап во насока на изградба на систем на вредности, мерки и активности за поефикасно спроведување на целите преку кои ќе се елиминираат можностите на коруптивно однесување во Агенцијата.

Борбата против корупцијата неминовно го вклучува градењето на отпорност, јакнењето на интегритетот на вработените и поголема транспарентност во работењето на Агенцијата преку зајакната контрола, откривање и соодветно санкционирање на сите појавни облици и форми на коруптивно однесување во нивните зачетоци.

Јакнењето на позицијата на Агенцијата како независно регулаторно тело е основен предуслов за реализација на поставените цели и тоа ќе се овозможи преку:

①Законит и транспарентен начин на работа кој вклучува почитување на етичките норми, одговорност, економичност и ефикасност во работењето;

②Елиминирање на политичкото влијание во работата, во спроведувањето на надлежностите и во постапките регулирани со закон;

③Подобрување на ефективноста на системот за управување со човечки ресурси преку обезбедување на интегритет и транспарентност на политиките за човечки ресурси базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет;

④ Спречување на судир на интереси и недозволени влијанија при јавните набавки и вработувањата;

⑤ Зајакнување на механизмите и капацитетите за надзор и контрола;

⑥Зајакнување на механизмите за меѓуинституционалната соработка;

⑦Јакнење на механизмите за Собраниска контрола и надзор врз работењето во Агенцијата.

Овие достижни цели ги опфаќаат сите важни области во градењето интегритет и нивното спроведување ќе овозможи унапредување на системот и културата на интегритет во поштенскиот сектор, како и вклучување на политиката на интегритет во најважните аспекти од работењето на Агенцијата.

## 1. Законит и транспарентен начин на работа кој вклучува почитување на етичките норми, одговорност, економичност и ефикасност во работењето

Пристапот до информациите од слободен карактер и врз трошењето на средствата се основани алатки во промовирањето на **транспарентноста** на

институцијата. Самата транспарентност го зајакнува интегритетот на Агенцијата и овозможува контрола односно поголема отчетност пред граѓаните во трошењето на средствата од страна на Агенцијата. Колку поголема транспарентноста во трошењето и работата, толку е помала можноста за нарушување на интегритетот на Агенцијата и во поштенскиот сектор.

Агенцијата има воспоставено јасни и прецизни процедури преку кои секој заинтересиран граѓанин може да добие информација за тоа како се трошат средствата. Сите јавни набавки се објавуваат на веб страницата на Агенцијата.

Постапките за издавање на општо овластување за обезбедување на поштенски услуги на даватели на поштенски услуги се транспарентни и се издадени во фер и транспарентна постапка со почитување на законски пропишаните рокови. Агенцијата ги охрабрува да се лиценцираат и правните субјекти кои незаконски обезбедуваат поштенски услуги и на тој начин да придонесат во борбата против сивата економија, сузбивање на корупцијата и јакнење на интегритетот во поштенскиот сектор.

Во периодот 2022 -2024 година ќе се залагаме за зголемување на транспарентноста на работата на Агенцијата преку зголемување на бројот на јавни состаноци од минимум две на годишно ниво. Транспарентноста е видно изразена преку Годишната програма за работа на Агенцијата и Годишниот извештај за работата на Агенцијата за претходната година кои ги одобрува Собранието на Република Северна Македонија.

## 2. Елиминирање на политичкото влијание во работата, во спроведувањето на надлежностите и во постапките регулирани со закон

Законитоста во носењето на одлуки е водечки принцип во борбата против корупцијата. Основна водилка за спречување на коруптивното дејствување и унапредување на интегритетот на Агенцијата е јавен и транспарентен процес на носење на одлуки заснован исклучиво на позитивните законски и подзаконски прописи.

Сите одлуки од круцијално значење за развојот на Агенцијата и за регулирање на правилата за поштенскиот сектор ги носи Комисијата која е составена од експерти назначени од Собранието на Република Северна Македонија.

Преку колективниот начин на носење на одлуки минимизиран е субјективниот фактор во носењето на одлуки во самата Агенција. Агенцијата останува отворена да ги слушне предлозите на давателите на услуги во поштенскиот сектор во однос на подобрување на процесот на носење на одлуки за создавање на фер услови за натпревар на поштенскиот сектор.

## 3. Подобрување на ефикасноста на системот за управување со човечки ресурси преку обезбедување на интегритет и транспарентност на политиките на човечки ресурси базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет

Поттикнување на доброто постапување и однесување на вработените, афирмација и унапредување на достоинството и угледот на вработените, како и зајакнување на довербата на граѓаните во работата на институцијата се основните постулати кои мора да ги почитуваат Агенцијата и давателите на поштенски услуги во поштенскиот сектор. Со својот личен пример мора ги промовираат вредностите како вистинитост, чесност и правичност и доследност во постапките и принципите, како и недвосмислено да ја манифестираат својата цврста увереност во исправноста на промовираните општествени, економски и етички вредности.

Управувањето со персоналот и водењето низ кариера е од круцијална важност за Агенцијата и за поштенскиот сектор. Во процесот на управување со персоналот неопходно е да се води сметка за појавите кои можат негативно да се одразат врз водењето во кариера и врз работата на Агенцијата и на поштенскиот сектор, а се поврзани со клиентелизам, кронизам, непотизам, личните врски, полтронството и слично. Неопходно е да се применува мерит системот во управувањето со персоналот, без можност да се отстапува од основниот принцип на стручност и компетентност во сите фази почнувајќи од

привлекувањето, регрутирањето, вработувањето, унапредувањето, усовршувањето, па се до пензионирањето на персоналот во Агенцијата.

За одржувањето на интегритетот на вработените и ефикасноста на поштенскиот систем, клучно е постоењето на систем за вработување и унапредување кој се заснова на заслуги и квалитети на кандидатот.

Водилка при вработувањето неопходно е да бидат критериумите на конкурентност, компетентност и квалитет и стручност на персоналот, како и транспарентност на самата постапка на вработување. Максимално мора да ги почитуваме законските прописи кои предвидуваат елиминирање на сите извори кои можат да го поткопаат интегритетот на Агенцијата и на вработените во поштенскиот сектор. Агенцијата како независно регулаторно тело енергично се бори против сите појавни форми кои можат да го нарушат нејзиниот интегритет и интегритетот на вработените, како судирот на интереси, непотизмот и партиското влијание при вработувањето.

Обврска на Агенцијата е да се грижи за професионален развој на вработените, преку инвестирање во обуката и образованието. Главен инструмент за обука, образование и стручно усовршување се Годишните планови за обуки на Агенцијата за пошти преку кои се обезбедува систематски приод во координацијата, планирањето и спроведувањето на процесот на стручното усовршување и оспособување на вработените.

Борбата против корупција и напорите за спречување на судир на интереси се тесно поврзани со укажувачите.

Воспоставувањето на соодветно ниво на заштита на укажувачите/свиркачите е еден од клучните елементи за унапредување на интегритетот во поштенскиот сектор. Нулта толеранција за корупцијата е наша обврска за која се бориме континуирано.

Во насока на сузбивањето на корупцијата е и почитувањето на обврските од Законот за заштита на укажувачите. Во периодот 2022-2024 година ќе ја унапредиме самостојноста на овластеното лице за прием на пријави поврзани со можни индикации за коруптивно дејствување не само во Агенцијата туку и во рамките на целокупниот поштенски сектор. Секој кој има

било какви индикации за можни коруптивни дејствија и дејствија поврзани со интегритетот на вработените да има можност во секое време било писмено или било телефонски да се обрати до овластеното лице.

На сите укажувачи обезбедена им е максимална заштита од секакво влијание согласно позитивните прописи на Република Северна Македонија. Од оваа обврска не се ослободени ниту вработените во Агенцијата кои поаѓајќи од етичките принципи на коректно деловно работење, се обврзани, без исклучок да пријават и сведочат за факти и околности кои му се познати, а се во врска со конкретно сомневање за коруптивно однесување.

## 4. Спречување на судир на интереси и недозволени влијанија при јавните набавки и вработувањата

Политиките на судир на интереси се важен инструмент за градењето на интегритет. Од раководните лица  се очекува да носат одлуки и да постапуваат во корист на јавното добро, не земајќи ги предвид своите приватни интереси.Несоодветното менаџирање со конфликтот на интереси има голем потенцијал да ја ослабне довербата на граѓаните во јавните институции. Конфликтот на интереси сам по себе не е корупција, но има скриен потенцијал за коруптивно однесување, и доколку не се превенира на време може да резултира со коруптивно дејствие.

Концептот на судир на интереси во администрацијата на Северна Македонија е регулиран со Законот за спречување корупција и судир на интереси од 2019 година. Законот нуди разумни законски заштитни мерки за спречување на судир на интереси.

Етичкиот кодекс за вработените во Агенцијата за пошти од 2019 година година истакнува дека вработените треба при извршување на работните задачи ги почитуваат принципите на недозволеност на судир на интереси и се спротивставуваат на секое нечесно, несовесно и недолично однесување во службата.

Членовите на Комисијата и директорот се должни да достават анкетни листови до Државната комисија за спречување на корупцијата во врска со личниот имот и интереси, како и имотот и интересите на нивните семејства.

Согласно Законот за поштенските услуги, член на Комисијата како и директорот, нивните брачни или вонбрачни другари, како и блиски роднини во права линија до второ колено, не можат да имаат удели или акции, директно или индиректно во правни лица што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата.

Наша примарна цел е да го превенираме конфликтот на интереси во Агенцијата и во поштенскиот сектор со цел да се минимизира можноста од појава на коруптивно однесување во истите. Поради тоа, неопходно е да инвестираме во унапредувањето на културата на интегритет на вработените со максимално почитување на законите и практичните искуства за имплементација на правилата за спречување на конфликт на интереси во Агенцијата и во поштенскиот сектор.

Наша обврска е во периодот 2022-2024 година интензивно да инвестираме во унапредување на културата на интегритет на вработените која е од круцијално значење во борбата за постигнување на „нулта ниво на толеранција кон корупцијата". Агенцијата ќе се бори за инвестирање во обезбедување на подобри услови за работа, во животниот стандард на вработените, за интензивирање на обуките, стручното оспособување, едукацијата и образованието на вработените не само во Агенцијата, туку и во поштенскиот сектор воопшто и во други области на укажана потреба.

Една од областите со највисок ризик за корупција се јавните набавки, од аспект на фаворизирање на едни економски оператори на штета на други и непотизам. Јавните набавки се особено ранливи на корупција. Затоа, дејствијата преземени во оваа насока не можат да бидат одговорност само на една институција, туку на целото општество.

Потребни се промени во моделите на однесување и јасна општа осуда дека таквите лоши однесувања не се прифатливи. Меѓудругото, активностите поврзани со јавните набавки се најподложни на коруптивно однесување и

поврзани со добивка од финансиски интерес и најчесто под знак прашалник го ставаат и интегритетот на лицата кои работат на оваа проблематика.

Само во услови кога економските оператори се натпреваруваат во фер и транспарентна постапка се обезбедува подобар квалитет и пониски цени и се минимизира можноста од коруптивно дејствување. Јасно определените законски правила на набавки, вклучително и внатрешните процедури за набавка, за заштита на интегритетот и превенција на корупцијата се важен дел од процесот на унапредување на културата на интегритет во поштенскиот сектор.

Во таа насока, Агенцијата за пошти ќе ја применува новата изјава за сериозност на понудата при изготвувањето на тендерските документации кај постапките за јавна набавка од мала вредност и поедноставена отворена постапка.

За лицата кои се одговорни за јавните набавки ќе инвестираме постојано во нивна едукација и стручна надградба, но и во унапредување на нивниот интегритет и градењето на отпорност кон коруптивно дејствување на истите. Како што се зголемуваат капацитетите, така се зголемуваат и можностите за одржливи набавки.

Ова можеме да го постигнеме само со унапредување на транспарентноста во набавките и обезбедување на фер услови за натпревар на економските оператори без фаворизирање на ниту еден понудувач. Бидејќи транспарентноста и достапноста на податоците се клучни за доверба во системот, целата комуникација и размена на информации во јавните набавки, вклучително и поднесување на понуди и барања за учество, мора да се спроведе преку ЕСЈН.

Транспарентноста, исто така, во овој сегмент се зголеми имајќи во предвид дека Агенцијата за пошти јавно ги објава своите Годишни плановите за јавни набавки. Тоа подразбира на национално ниво и усогласување на регулативите со ЕУ регулативите за набавка, унапредување на електронските системи за јавно надавање, засилено надгледување на самиот процес на набавки и зајакната контрола при склучувањето на договорите за набавки.

Во таа насока, Агенцијата за пошти ќе ја имплементира анти - корупциската клаузула во договорите за јавни набавки (препорака од Интернационалната стопанска комора), со цел постигнување на цврста заштита од коруптивни практики.

Сивата економија е еден од клучните предизвици за појава на корупција во поштенскиот сектор. Обврска на Агенцијата е да се бори немилосрдно со сивата економија и да им обезбеди фер натпревар на давателите на услуги на поштенскиот сектор во државата.

Неопходно е зајакнување на законските механизми за борба против сивата економија во поштенскиот сектор пред се во делот на изрекувањето на мерки и нивното спроведување согласно роковите во позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

За таа цел неопходна е поголема агилност на судските органи или децентрализација на овластувањата и надлежостите во насока Агенцијата, како независно регулаторно тело да може да ги процесуира изречените мерки и глоби на генераторите на сивата економија во поштенскиот сектор.



## 5. Зајакнување на механизмите и капацитетите за надзор и контрола

Надзорот и контролата игра значајна улога во градењето интегритет во поштенскиот сектор. За доследно спроведување на регулативата, неопходно е зајакнување на механизмите за контрола и надзор, подобрување на правната рамка и зајакнување на човечките и материјалните ресурси на Агенцијата, но и постојано надградување на знаењата, вештините и интегритетот на вработените и нивната отпорност кон корупцијата.

Одговорноста за контрола и надзор во рамки на поштенскиот сектор ја има Агенцијата, која во континуитет врши надзор и контрола на почитувањето на законските прописи во поштенскиот сектор.

Во периодот 2022 – 2024 година ќе инвестираме во иницијативноста, иновативноста, навременоста, квалитетот и квантитетот на контролата и надзорот се со цел да се обезбеди еднаков и фер третман на давателите на услуги во поштенскиот сектор и да се отстранат сите констатирани неправилности. Само на тој начин ќе обезбедиме јакнење на културата на интегритет на вработените и ќе ја минимизираме можноста од појава на корупција во поштенскиот сектор.

## 6. Зајакнење на механизмите за меѓуинституционалната соработка

Во периодот 2022 – 2024 година ќе инвестираме во јакнењето на механизмите за меѓуинституционалната соработка како битен предуслов за непречено функционирање на институциите. Ова е особено значајно во сферата на борбата против сивата економија и нелегалната конкуренција во поштенскиот сектор, каде што свои надлежности имаат Комисијата за заштита на конкуренцијата, пазарниот и трудовиот инспекторат, Управата за јавни приходи, Царинската управа, како и надлежните Министерства за економија, транспорт и врски, за финансии како и Министерството за внатрешни работи.

Незадоволителните ефекти од досегашната соработка на овој план со сите спомнати институции, ја наметнува потреба од потпишување на Меморандум за соработка со секоја институција посебно или заедно со повеќе институции. Агенцијата согласно своите надлежности ќе работи на интензивирање на оваа меѓуинституционална соработка преку воспоставување на заеднички механизми за координација и дејствување на укажана потреба. На тој начин преку заедничка, координирана, ефикасна и ефективна акција, би се осигурало ефективно сузбивање на сите форми и облици на сива економија и нелојална конкуренција на поштенскиот сектор.

## 7. Јакнење на механизмите за Собраниска контрола и следење на работењето во Агенцијата

Собранието на Република Северна Македонија, кое во 2008 година ја основа Агенцијата за пошти, има законска обрска, преку Комисијата на Агенцијата за пошти да ја следи и насочува работата на Агенцијата. Комисијата како клучен орган кој управува со работата на Агенцијата, нужно мора на време да биде информирана за сите активности.

Информациите кои се проследуваат до Комисијата треба да бидат со висок квалитет и да даваат објективна слика за работите како би можела да ги носи најдобрите решенија во интерес на давателите и корисниците на поштенските услуги. Треба да се воведе пракса, на Собраниските расправи во комисиите и на пленарната седница на Собранието, покрај претставник од Агенцијата (најчесто директорот), да присуствува и учествува и Претседателот или некој друг член на Комисијата.



## ☑ Обврски за имплементација на Стратегијата

Стратегијата за спречување на корупција и судир на интереси на Агенцијата за пошти, според својата суштина, произведува конкретни обврски за Агенцијата за пошти.

Во рамките на својот делокруг на работа, Агенцијата треба да изготви проценка на ризиците за корупција со предлози за унапредување на културата на интегритет, кои ќе бидат обединети во еден заеднички Регистар на ризици од корупција во Агенцијата.

Врз основа на таа проценка и утврдените ризици, да подготви агенда со активности и временска рамка за нивно реализирање.

За имплементација на обврските кои произлегуваат од Стратегијата, Агенцијата ќе се изготви Акциски план за реализација на Стратегијата, со временска рамка, носители на активности и индикатори на успешност. Стратегијата и Акцискиот план претставуваат еден интегрален документ.

КОМИСИЈА НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

Претседател

Борче Груевски

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

① **Област:** Законит и транспарентен начин на работа кој вклучува почитување на етичките норми, одговорност, економичност и ефикасност во работењето

| Активност | Рок | Носител | Очекувани резултати | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|
| 1.Зголемување на бројот на јавни состаноци | континуирано | Сите директорати | Одржани минимум 2 јавни состаноци во текот на тековната година | **да** |
| 2.Изработка на процедура за издавање на општо овластување за обезбедување на поштенски услуги на даватели на поштенски услуги | Јануари 2022 година | Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи | Изработена процедурата за издавање на општо овластување | / |

② **Област:** Елиминирање на политичкото влијание во работата, во спроведувањето на надлежностите и во постапките регулирани со закон

| Активност | Рок | Носител | Очекувани резултати | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|
| 1.Проценка на ризици | Четврти квартал 2022 година | Директорка и сите директорати | Регистар на ризици | / |

③ **Област:** Подобрување на ефективноста на системот за управување со човечки ресурси преку обезбедување на интегритет и транспарентност на политиките за човечки ресурси базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет

| Активност | Рок | Носител | Очекувани резултати | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|
| 1.Дизајнирање на модул и воведување редовна обука на вработените за градење интегритет | континуирано | Одговорен за човечки ресурси | Воспоставена редовна обука за градење на интегритет | да |
| 2. Воведување на редовна обука за процесите на управување со човечки ресурси - планирање, вработување, унапредување, управување со учинокот и обука | континуирано | Одговорен за човечки ресурси | Воспоставена редовна обука за човечки ресурси | да |
| 3. Изработка на преглед и утврдување на работни места подложни на корупција | Прв квартал од 2023 година | Сите директорати | Изработен преглед на утврдени работни места подложни на корупција и утврдени работните места подложни на корупција | / |
| 4. Јасно дефинирање на делокруг на работа на организационите | Прв квартал на 2022 година | Директор Комисија на АП Стручна служба | Изготвени и донесени Правилници за систематизација на работните | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| единици | | | места во Стручната служба и Правилник за внатрешна организација на Стручната служба | |
| 5. Анализа на постојниот систем за заштитата на укажувачите во АП | Втор квартал на 2022 година | Овластено лице за заштита на укажувачи | Спроведена Анализа на постојниот систем за заштитата на укажувачите во АП | / |

④ **Област:** Спречување на судир на интереси и недозволени влијанија при јавните набавки и вработувањата

| **Активност** | **Рок** | **Носител** | **Очекувани резултати** | **Финансиски импликации** |
|---|---|---|---|---|
| 1.Воведување на редовна обука за спроведување на годишното планирање на набавките во процесите на јавни набавки | Континуирано | Директорат за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област | Регистар на ризици | / |
| 2.Преглед на минатите неуспешни тендери и обезбедување на научени лекции и препораки | Прв квартал на 2023 година | Директорат за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област | Изработен Преглед на минатите неуспешни тендери и обезбедување на научени лекции и препораки | / |
| 3. Преглед на | Четврт квартал | Директорат за | Изработен | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| начинот како принципот на интегритет влијае на постапките на јавни набавки | 2023 година | финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област | преглед на начинот како принципот на интегритет влијае на постапките на јавни набавки | |

⑤ **Област**: Зајакнување на механизмите и капацитетите за надзор и контрола

| **Активност** | **Рок** | **Носител** | **Очекувани резултати** | **Финансиски импликации** |
|---|---|---|---|---|
| 1. Преглед на постојниот систем и практики во врска со „донесувањето одлуки“ во рамките на АП | Четврти квартал 2024 година | Директор | Спроведена анализа на постојниот систем на донесување одлуки во АП и изработени препораки | / |
| 2.Анализа на ефектите од спроведувањето на Етичкиот кодекс од 2019 година на вработените во АП | Четврти квартал 2024 година | Директор и сите директорати | Спроведена анализа на ефектите од спроведувањето на Етичкиот кодекс од 2019 година на вработените во АП | / |
| 3. Јакнење капацитети за надзор и контрола | континуирано | Овластени лица за вршење надзор | Реализирани две години во тековната година | да |

⑥**Област:**Зајакнување на механизмите за меѓуинституционалната соработка

| Активност | Рок | Носител | Очекувани резултати | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|
| 1.Изработка и потпишување на Меморандуми за соработка (со споменатите институции) | континуирано | Директор и сите директорати | Потпишани Меморандуми за соработка (со споменатите институции) | / |

⑦**Област:** Јакнење на механизмите за Собраниска контрола и надзор врз работењето во Агенцијата

| Активност | Рок | Носител | Очекувани резултати | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|
| 1. Јакнење на Собраниската контрола во работата на Агенцијата | Континуирано | Директор и Комисија на АП | Активно учество на претседателот на Комисијата и директорот во работата на Собраниските комисии и пленарни седници | / |